

# EQUIA

## Нова ДИМЕНЗИЈА во реставративната стоматологија

GC

**EQUIA** е единствен реставративен систем за естетски и економични постериорни реставрации со впечатливи зајакнувања на сите нивоа. **EQUIA** системот ги соединува **EQUIA Fil** - нова генерација на стаклени честички - и **EQUIA Coat** - високо-полнет композитен материјал за лакирање.




**силно и сигурно**

## Нова издржливост во стаклено-јономерната технологија

**EQUIA** системот ги соединува **EQUIA Fil**, нова генерација на стаклен јономер, и **EQUIA Coat**, високо-полнет композитен материјал за лакирање што ја доведува стаклено-јономерната технологија на повисоко ниво и Ви нуди:

- Зголемена отпорност на фрактури, јачина на истегнување и зголемена отпорност на оптоварување.
- Заштита против присуство на влага и киселинска ерозија.
- Зголемување на цврстината на стаклениот јономер со текот на времето, поради единствениот ефект на созревање, кој се должи на плунката.



Пополнување на празнините



Длабочина на пенетрација 30-50 μm

**естетски и транслуцентно**

## Погледнете ја стаклено-јономерната технологија кристално јасно

Неспоредливата естетика на **EQUIA** ги проширува вашите реставративни можности во постериорната регија и овозможува да ги исполните очекувањата на вашите пациенти.

- Постигнува ненадминливо сјајни и мазни површини со долготраен природен сјај, многу полесно од претходно.
- Реставрацијата е заштитена од дисколорации и има долготрајна стабилност на бојата.
- Деветте нијанси Ви овозможуваат секогаш да ја одредите бојата која совршено ќе се совпаѓа.



Постериорна реставрација со EQUIA - Пред



Постериорна реставрација со EQUIA - Потоа

Dr. M.Kukurba-Setkowicz, Полска

**брзо и лесно**

## Нова брзина во реставративната стоматологија

**EQUIA** дава значителна временска предност во споредба со многу други реставративни опции.

- Времето на целокупна постапка е помалку од 3,5 минути.
- Системот не бара работење во слоеви, не е леплив и лесно се аплицира и совршено се приспособува на ѕидовите од кавитетот.
- Употребата на кофердам е опциска и поради хемиската адхезија се избегнуваат комплицираните процедури на бондирање.
- Речиси без стрес при контракција, **EQUIA** вистински може да се нарече материјал за исполнување на големи и длабоки кавитети само со една апликација.
- Нема потреба за сложено финирање и полирање, потребна е само една апликација на **EQUIA Coat**.

00:00 | 00:40 | 01:50 | 00:30 | 00:05 | 00:20 | 03:25



Апликација во еден чекор | Нанесување и обликување | Финирање | Нанесување на лакот | Светлосна полимеризација

**безбедно и докажано**

## Потполно ново ниво во стаклено-јономерната технологија

Перформансите на овој систем клинички се веќе докажани во текот на неколку години. Заедно со бројни клинички студии низ светот кои сеуште траат, доведен е до реставративен пристап базиран на докази, што обезбедува одлична алтернатива за вашата секојдневна работа.

- Заштита од појава на секундарен кариес, како и заштита на соседните заби.
- Лакот ги заштитува рабовите на реставрацијата од микро-пропустливост.
- Поширoко поле на индикации во споредба со другите стаклено-јономерни материјали што е докажано со многубројни клинички студии.

Резултати од клинички испитувања
- **EQUIA** покажува одлично почетно совпаѓање на бојата*.
- **EQUIA** е ефикасен исто како композитните системи со микро полнежи*.
- **EQUIA** може да се користи како материјал за трајна реставрација за секоја големина на кавитет од Класа I и за помали кавитети од Класа II*.
- **EQUIA** системот е сигурен избор за долготрајни реставрации, дури и кај забните површини кои се под силно оклузално оптоварување*.

*Податоците се достапни во фајлот.

# Достигнете нова димензија со EQUIA од GC

Дали сакате да знаете повеќе за **EQUIA**?

Ве молиме, посетете ја нашата страна: **www.gcequia.com**






| Intro Pack (кутија со 50 капсули **EQUIA Fil**, 4 ml **EQUIA Coat** и додатоци) | Promo Pack (2 кутии со 50 капсули **EQUIA Fil**, 4 ml **EQUIA Coat** и додатоци) | Refill (кутија со 50 капсули) |
|---|---|---|
| 900582 Асортиман | 900591 Асортиман и A3 | 004370 Асортиман |
| 900583 A1 | 900592 A1 & A3 | 004371 A1 |
| 900584 A2 | 900593 A2 & A2 | 004372 A2 |
| 900585 A3 | 900594 A2 & A3 | 004373 A3 |
| 900586 A3.5 | 900595 A3 & A3 | 004374 A3.5 |
| 900587 B1 | 900596 A3.5 & A3 | 004375 B1 |
| 900588 B2 | 900597 B1 & A3 | 004376 B2 |
| 900589 B3 | 900598 B2 & A3 | 004377 B3 |
| 900590 C4 | 900599 B3 & A3 | 004378 C4 |
| | 900600 C4 & A3 | 004738 SW |

**EQUIA** системот е достапен во мноштво од поединечни и комбинирани пакувања, кои се состојат од капсули **EQUIA Fil** и шишенце од **EQUIA Coat**. **EQUIA Fil** ги има следниве бои по Vita®: A1, A2, A3, A3,5, B1, B2, B3, C4 и SW (Standard White).

Vita® е заштитена марка на Vita Zahnfabrik, Bad Säckingen, Германиѓја.

Refill **EQUIA Coat**
004379 Шишенце од 4 ml, 20 Пластични садови за мешање, 50 Микро-Тип Апликатори, 1 Држач за апликатор

**GC Europe N.V.**
Head Office
Researchpark
Haasrode-Leuven 1240
Interleuvenlaan 33
B - 3001 Leuven
Tel. +32.16.74.10.00
Fax. +32.16.40.48.32
info@gceurope.com
http://www.gceurope.com

**GC Europe N.V.**
GC EEO
Siget 19b
HR - 10020 Zagreb
Tel. +385.1.46.78.474
Fax. +385.1.46.78.473
info@eeo.gceurope.com
http://www.eeo.gceurope.com

Овластен дистрибутер за Македонија:
ДЕНТОМЕД-М
Ул. "Бојмија" бр. 2/2
Пошт. фах. 182
1000 Скопје
Тел./Факс: 02/24.62.739
Тел. 02/24.64.781
dentomed@t-home.mk

z O LF MK 2 12 09/12